СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО


# ЕУ ВЕСТИ


***февруари 2016 година***
***ЕУЦ-број 19/2016***


## ЗИМСКА ЕКОНОМСКА ПРОГНОЗА НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Европската економија влегува во својата четврта година на закрепнување и растот продолжува со умерена стапка. Во исто време, голем дел од светската економија се соочува со големи предизвици и ризиците за европскиот развој се зголемуваат.

Европската комисија на 4 февруари годинава ја претстави својата зимска економска прогноза. Според која општите изгледи за раст незначително се променети во однос на есента 2015 година. Зголемен е ризикот дека растот ќе биде поспор од предвидениот како резултат на надворешни фактори. Се предвидува стапката на раст во еврозоната да се зголеми на 1,7% оваа година од 1,6% минатата година, за да се искачи на 1,9% во 2017 година. Економскиот раст на ЕУ се предвидува да остане стабилен на 1,9% во 2016 и се да зголеми на 2,0% во 2017 година . Одредени фактори на кои се потпира растот се очекува да бидат посилни и да траат подолго отколку што се претпоставува. Меѓу тие фактори се ниските цени на нафтата, поволни услови за финансирање и ниският девизен курс на еврото. Ризиците за економијата стануваат се поизразени и забележителни се следните нови предизвици: побавен раст во Кина и други економии чии пазари се во фаза на формирање, слабата активност на глобалната трговија, како и геополитичката и политичка неизвесност.

Во 2015 година, економските резултати во сите земји-членки на ЕУ или се подобрени или биле стабилни. Се очекува до крајот на 2017 година сите земји-членки да забележат економски раст. Меѓутоа, стапките на раст на БДП и понатаму значително ќе се разликуваат што се должи на структурните карактеристики.

Приватната потрошувачка се очекува да остане главниот двигател на растот во 2016 и 2017 година, поддржана со подобрување на пазарот на труд и зголемување на реално расположлив приход.

Вработувањето се очекува да продолжи да расте скромно. Стапката на невработеност во еврозоната се очекува да се намали од 11% во 2015 година на 10,5% во 2016 година и 10,2% во 2017 година. Невработеноста во ЕУ треба да се намали од 9,5% во 2015 година до 9,0% оваа година и 8,7% во наредната 2017 година.

Вкупниот дефицит на централната влада во еврозоната се очекува да се намали уште повеќе благодарение на посилна економска активност и во помала мера намалување на трошоците за камата.

Во еврозоната, дефицитот на централната влада се очекува да се намали на 2,2% од БДП во 2015 година (2,5% во ЕУ) и треба да се намали на 1,9% од БДП оваа година (2,2% во ЕУ) и 1,6% од БДП во 2017 година (1,8% во ЕУ).

Годишната инфлација во еврозоната беше само малку над нулата кон крајот на 2015 година, што главно се должи на натамошно опаѓање на цените на нафтата. За 2016 година, годишната инфлација во еврозоната се предвидува на само 0,5%. Инфлацијата се очекува постепено да достигне 1,5% во 2017 година.

Со влошените глобални економски изгледи, закрепнувањето на глобалната економија (со исклучок на ЕУ) се предвидува да биде побавно отколку очекуваното. Глобалниот раст во 2015 година е најслаб од 2009 година. Во текот на 2016 година растот на извозот во еврозоната треба да се забрза, по умереното ниво во втората половина на 2015 година поради депрецијација на еврото, ниските трошоци на трудот и постепеното зголемување на надворешната побарувачка.

Оваа прогноза ги зема во предвид сите релевантни податоци и фактори, вклучувајќи претпоставки за владините политики до 22 јануари 2016 година. Во проекциите не се земени во предвид промените на политиката. Оваа економска прогноза се заснова на збир на надворешни претпоставки во врска со курсевите, каматните стапки и цените на стоките.
Комисијата треба да ја ажурира својата економска прогноза во мај 2016 година.

http://ec.europa.eu/economy_finance/eu/forecasts/2016_winter_forecast_en.htm

**Содржина на вести:**


| | |
|---|---|
| Зимска економска прогноза на Европската комисија | 1 |
| Собраниски активности | 2, 3 |
| Во фокусот на Европскиот парламент | 4 |
| Вонреден самит на земјите од Вишеградската група | 5 |
| Европската комисија презентираше безбедносен пакет за одржлива енергија | 5 |
| Бугарија побавна во правосудните реформи од Романија | 6 |
| Дополнителни 10 милиони евра за справување со мигрантската криза | 6 |
| Во очекување на британскиот референдум | 7 |
| Љубљана - Европски зелен град за 2016 година | 8 |
| ЕУ календар март 2016 | 8 |

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ



Националниот совет за евроинтеграции на 17 февруари 2016 година ја одржа 14-та седница на која расправаше по **Предлог-резолуцијата на Европскиот парламент за Извештајот на Република Македонија за 2015 година поднесена од европратеникот и известител за Република Македонија, г.Иво Вајгл.** Во расправата на седницата се укажа на потребата од подобрување на текстот на Предлог-резолуцијата и амандманите преку искористување на различните механизми на делување на Министерството за надворешни работи и Мисијата на Република Македонија во Брисел, Кралството Белгија. Се потенцираше потребата во иднина Собранието со консензус да гради заеднички став за предлог-резолуциите во Европскиот парламент кои се однесуваат на Република Македонија и за истите да се дебатира на седници на надлежните собраниски тела. На седницата на Советот стана збор и за потребата за унапредување на соработката меѓу Министерството за надворешни работи и Националниот совет за евроинтеграции. Во оваа насока беше разговарано за можноста предлог-резолуциите во иднина Министерството да ги доставува и до Националниот совет, со цел да се даде можност Советот да изгради мислење и став по документот како и околу можностите за делување за подобрување на текстот.



Националниот совет за евроинтеграции на 12 февруари 2016 година организираше **јавна расправа на тема "Гејмингот како комерцијална дејност".** На јавната расправа беа изнесени голем број на мислења и ставови од кои како клучни поенти може да се согледа дека: има потреба гејмингот да се признае како е-спорт со цел да добие соодветен институционален третман; постои потреба од поддршка преку посебна федерација која ќе ги застапува интересите на гејмерите; потреба за набавка на акредитации и лиценци; гејмингот може да најде соодветна примена во образованието особено во наставниот процес за совладување на наставната програма; гејмингот може значително да го подобри совладувањето на група на вештини (тимска работа, учење на странски јазици, пристап до решавање проблеми, родова свесност и др); гејмингот преку учеството во меѓународните турнири е одлична можност за популаризација на Република Македонија на меѓународно ниво; гејмингот отвара големи можности за бизнисот и истите треба да се искористат; има потреба гејмингот законски да се регулира и соодветно финансиски да се поддржи; има потреба за организирање на повеќе дебати во иднина и за зголемување на јавната свест кај граѓаните за оваа дејност; проблемот на безбедноста и заштита на личните податоци е поврзан со свесноста на дејноста-гејминг.



Националниот совет за евроинтеграции на 5 февруари годинава организираше **јавна расправа за "Улогата на граѓанскиот сектор во процесот на европска интеграција на Република Македонија".** На јавната расправа се обрати г. Фатмир Бесими, заменик претседател на Владата на Република Македонија задолжен за европски интеграции, при што информираше дека Владата на редовна основа ги консултира граѓанските организации за значајни теми поврзани со нивното општествено делување. На јавната расправа беа изнесени различни мислења и ставови во однос на улогата и статусот на граѓанскиот сектор, за одредбите од Законот за здруженија и фондации кои ја уредуваат оваа област, за потребата од потранспарентен однос на институциите кон граѓанскиот сектор особено во процесот на креирање на политиките, потребата за дестигматизирање на невладините организации. Во излагањата на учесниците се потенцираше и потребата за зајакната соработка на граѓанските организации особено на локално ниво, потребата од економска независност и самоодржливост на организациите, децентрализација на целите и овозможување поединецот да учествува во креирање на општествените политики, потребата за демонополизација на изворите на финансирање, за интердисциплинарен пристап во дејствувањето на невладините организациии и утврдување на областите на делување. Во дискусијата беа изнесени и различни толкувања и сфаќања што воопшто претставува невладиниот сектор, а стана збор и за репрезентативноста на невладините организации и потребниот легимитетот да се биде дел од овој сектор, потребата за формирање на Национален фонд за финансирање, потребата за поголема комуникација и соработка со Собранието на Република Македонија, за значењето и активностите на лоби групите и тинк-тенк организациите, експертизата на невладиниот сектор, финансирањето од странски донатори, за политичкиот дијалог во процесот на пристапување кон ЕУ, даночните олеснувања, како и за подобрување на процесот на донесување на закони.

http://www.sobranie.mk/

## СОБРАНИСКИ АКТИВНОСТИ

Комисијата за европски прашања на Собранието на Република Македонија, на 17 февруари ја одржа 28. седница посветена на **Јавната расправа на тема: Итни реформски приоритети за Република Македонија - точка 5. Медиуми: „Независни и професионални медиуми и слобода на изразување.**
Воведни обраќања по темата од јавната расправа имаа: надлежната министерка за информатичко општество, г-ѓа Марта Арсовска-Томовска, и директорот на Агенцијата за аудио и аудиовизуелни медиумски услуги, г. Зоран Трајчевски. Во расправата учествуваа: г. Дејан Георгиевски од Центарот за развој на медиумите, г. Климе Бабунски од Промедија, г-ѓа Ивона Талевска од Македонската асоцијација на новинари - МАН, г-ѓа Тамара Чаусидис од Самостојниот синдикат на новинари и медиумски работници, г. Насер Селмани од ЗНМ, г. Муамер Бекири од ТВ Шења и пратениците, г-ѓа Јагода Шахпаска и г-ѓа Даниела Рангелова.

Комисијата за европски прашања на 1 февруари 2016 година организираше ***Јавна расправа на тема: „Итни реформски приоритети за република македонија - точка 1: владеење на право и судство".*** Воведни обраќања по темата од Јавната расправа имаа: министерот за внатрешни работи, г. Оливер Спасовски, претседателот на Судскиот совет на Република Македонија, г. Бранко Ушковски, претседателот на Советот на јавните обвинители, г. Петар Аневски и заменикот на народниот правобранител на Република Македонија, г-ѓа Васка Бајрамовска.
Дискутантите се осврнаа на актуелните состојби во областа на владеењето на правото и судството, при што беа искажани констатации и мислења во врска со понатамошното унапредување на фундаменталните основи на владеењето на правото и судството, а со тоа и на функционалната демократија, како еден од важните услови за пристапување на земјата кон ЕУ.





http://www.sobranie.mk/

---

***КОСАК како придонес во градењето на позитивен конструктивен дух во Европската унија***
На 7 И 8 февруари 2016 година во Хаг, Холандија, во рамките на Холандското претседателство со Европската унија се оддржа подготвителниот состанок на претседателите на Комисиите за европски прашања на земјите членки на Европксата унија (КОСАК). На состанок учествуваше г-ѓа Шпреса Хадри, пратеник во Собранието на Република Македонија и член на Комисијата за европски прашања. Работниот дел на состанокот започна со обраќањето на г-ѓа Анки Брокерс-Кнол, претседател на Сенатот на Кралството Холандија, кој го истакна значењето на овој долгогодишен и традиционален состанок кој во исклучителна мера придонесува во градењето на позитивен конструктивен дух во Европската унија, продуцира значајни документи за европските граѓани и се разменуваат мислења и визии за понатамошно добро функционирање на националните парламенти и Европската унија во целина. Состанокот продолжи со продуктивна расправа за работењето на ЕВРОПОЛ, која се разви во дискусија за соработката меѓу националните парламенти и останатите институции на Европската унија, расправа за заканата од тероризам во Унијата, за миграцискиот бран со кој се соочуваат земјите членки на Унијата, меѓу кои и Република Македонија и многу други значајни теми за Унијата. На маргините на состанокот г -ѓа Шпреса Хадри го искористи состанокот да се сретне со своите колеги од националните парламенти на земјите членки од Унијата, да разменат мислења и искуства меѓусебно, да разговараат за моменталната политичка ситуација во Република Македонија, но и во Унијата, за да се согласат дека овие состаноци се искучително корисни за размената на вакви информации.

http://www.sobranie.mk/



## ВО ФОКУСОТ НА ЕВРОПСКИОТ ПАРЛАМЕНТ



***« Резолуцијата за Република Македонија за Извештајот на ЕК за 2015 година, од известителот европратеникот Иво Вајгл, со 42 гласови "за" и 9 "против" се усвои на седницата на Комитетот за надворешни работи на ЕП (AFET) одржана на 29.02.2016.***



***Пленарна сесија 1-4 февруари 2016 година***

Претседателот на Европската централна банка, Марио Драги во дебата со членовите на Европарламентот истакна дека банката ќе ја ревидира монетарната позиција во март годинава и укажа на промените во условите во кои работи Банката. Од една страна е умерено закрепнување на еврoекономијата - што се должи на домашната побарувачка, но од друга страна забележан е раст на негативните ризици поради неизвесноста за новите можности за раст на пазарите, нестабилноста во стоковите пазари политички ризици.

Европратениците и еврокомесарот за трговија, г-ѓа Сесилија Малмсторм дебатираа за можните опции на дејствување на ЕУ во однос на Кина. Европратениците повикаа на ефикасни антидампинг инструменти и инсистираат да се обрати посебно внимание на секторот за челик на ЕУ, кој во моментов е „на колена" поради нелојалната конкуренција од Кина.

Во усвоената резолуција од страна на Европскиот парламент се бара Европската комисија да подготви стратегија за родова еднаквост и права на жените (2016-2020). Европратениците дебатираа за справувањето со сексуално малтретирање и насилство врз жените на јавните простори.

Во обраќањето на пленарната седница претседателот на Естонија, Томас Хендрик Илвес ја повика ЕУ да дејствува решително во однос на миграциската криза.

Европскиот парламент ја одобри европската платформа за подобрување на соработката помеѓу земјите на ЕУ во справување со непријавената работа, што сочинува 18% од БДП на ЕУ.

Комесарот задолжен за економски прашања Пјер Московичи ги презентираше предлозите на Комисијата за борба против корпоративната даночна евазија.

На 3 февруари европратениците ги одобрија препораките на Европскиот парламент за тековните разговори за трговија според Договорот за услуги (TiSA). Во разговорите се вклучени Европската унија и 22 земји партнери на Светската трговска организација. Со договорот европратениците сакаат да се олесни пристапот на европските компании на меѓународните пазари, додека пак се врши заштита на основните јавни услуги.

На пленарната дебата за Шенген, европратениците побараа ЕУ да го надмине својот парализирачки страв и поделби и ефикасно да управува со миграцијата и приливот на бегалци.

Широка дебата беше отворена по прашањето за европската иднина на Велика Британија непосредно по претставувањето на предлогот за нов договор со земјата од страна на Доналд Туск, претседателот на Европскот совет. Во дебатата, повеќето европратеници истакнаа дека останувањето на Велика Британија во ЕУ ќе биде најдобро решение и за самата држава и на Унијата.

***Пленарна сесија 24-25 февруари 2016 година***

Европратениците дебатираа за годишниот циклус на координација на економските политики во рамките на ЕУ. Од страна на парламентарните комисии беа подготвени извештаи во кои се повикува на превземање структурни реформи кои ќе создадат работни места и ќе влијаат врз зголемување на продуктивноста.

Водачите на најголемите политички групи во парламентот го поздравија договорот ЕУ-Велика Британија. За време на пленарната дебата за исходот на неодамнешниот самит на ЕУ со претседателот на Европскиот совет, Доналд Туск и претседателот на Европската комисија, Жан-Клод Јункер, многу од европратениците од Велика Британија изразија аргументи за и против членството во ЕУ.

Парламентот ги одобри правилата за модифицирање на Порталот на ЕУ за услуги при вработување (ЕУРЕС) со широка база на податоци за лицата кои бараат работа и работни места на ниво на ЕУ. Новиот „попаметен" портал ЕУРЕС автоматски ќе ги селектира биографиите според соодветните понуди за работа. Исто така, сите слободни работни места објавени од страна на канцелариите во земјите-членки ќе бидат достапни ширум ЕУ преку веб-порталот.

Во три одделни резолуции беа донесени економските, социјалните и приоритетите за Единствениот пазар за 2016. Европратениците дадоа придонес за претстојниот економски самит во март, кој ќе се фокусира на спроведувањето на Пактот за стабилност и раст, социјалните аспекти и натамошното искористување на економскиот потенцијал на единствениот пазар.

Европскиот парламентот одобри помош од 1.095.544 евра за Белгија наменети за 412 работници прогласени за технолошки вишок од страна на два производители на стакло, со цел изнаоѓање нови работни места. Оваа помош од Европскиот фонд за прилагодување кон глобализацијата (EGF), сепак треба да биде одобрена од страна на Советот на министри на ЕУ.

http://www.europarl.europa.eu/news/en

## ВОНРЕДЕН САМИТ НА ЗЕМЈИТЕ ОД ВИШЕГРАДСКАТА ГРУПА

На 15 февруари 2016 година во Прага се одржа самит на Вишеградската група на кој Европската унија побара да се припремат алтернативни планови за запирање на бранот бегалци во случај да се повтори минатогодишната ситуација која би ги загрозила темелите на ЕУ како и безбедноста и стабилноста на Западен Балкан.

Премиерите на Полска, Чешка, Словачка, Унгарија, Бугарија, и претседателот на Република Македонија, дадоа цврста поддршка на заедничкото единствено европско решение за регулирање на миграциската криза во заедницата.

На самитот приоритет беше ставен на итно формирање на Европска прекугранична стража, примена на договорот со Турција и спроведување на веќе договорените чекори за заштита на шенгенските простори, пред се Грција. Ова е главниот заклучок на одржаната средба во Прага на државите и влади на земјите од Вишеградската четворка со учество на македонскиот претседател Ѓорге Иванов и бугарскиот премиер Бојко Борисов.

***"За Република Македонија е исклучително важно Европската Унија да вложи максимални напори за да обезбеди единство по прашањето со мигрантската криза и сеопфатен одговор. Македонија на состанокот врз основа на своето искуство понуди и решенија" истакна претседателот на Република Македонија, д-р Ѓорге Иванов по вонредниот Самит на земјите од Вишеградската група.***



На Самитот беше обележана 25 годишнината од формирањето на регионалната неформална група. Премиерите ја повторија долгорочната подршка кон Република Македонија и останатите земји на западниот Балкан на патот кон ЕУ, а исто така и подршката за Бугарија и Романија за влез во шенгенскиот простор.

https://www.euractiv.com/section/central

---

## ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА ПРЕЗЕНТИРАШЕ БЕЗБЕДНОСЕН ПАКЕТ ЗА ОДРЖЛИВА ЕНЕРГИЈА

На 16 февруари 2016 година, Европската комисија го претстави пакетот за енергетска безбедност со препораки за подготовка на Европската унија за глобалната енергетска транзиција.

Енергетската безбедност е еден од основните темели на новата Европска стратегија за Енергетска унија кој претставува клучен политички приоритет на Комисијата.

Пакетот опфаќа широк спектар на мерки за зајакнување на отпорноста на ЕУ како последица на прекинот на дотур на гас. Мерките вклучуваат и побарувачка на одржлива енергија, зголемување на побарувачката и производството на енергија во Европа (вклучувајќи и производство на енергија од обновливи извори), кои се со потенцијал за дополнително развивање, добро функционирање и целосно интегрирање со внатрешниот енергетски пазар на ЕУ, како и диверзификација на енергетските извори и алтернативен транспорт.

Пакетот мерки за енергетска безбедност се дадени во контекст на глобалниот потенцијал и универзалниот договор за климатските промени, усвоен од светските лидери на 12 декември 2015 година на Климатската конференцијата во Париз.



Договорот од Париз испрати силен сигнал за бизнис заедницата и креаторите на економските политики со цел обезбедување на чиста енергија со обновлив развој и поставување на глобалната енергетска сцена и енергетска транзиција.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16-307_en.htm

---

## БУГАРИЈА ПОБАВНА ВО ПРАВОСУДНИТЕ РЕФОРМИ ОД РОМАНИЈА



Европската комисија оцени дека Романија напредува во борбата со корупцијата и организираниот криминал. На полето на реформа во судството Бугарија заостанува зад Романија.
Како проблем во Романија се наведува високиот степен на недоследности кај некои одлуки на судот и законодавни прашања кои сеуште се отворени.
Голем број на граѓани на Бугарија и Романија сметаат дека ЕУ позитивно делува на реформите во судството и борбата против корупцијата и сакаат нивните земји да ги достигнат стандардите како во другите земји-членки на ЕУ.
Романија и Бугарија од влезот во Европската унија во 2007 година се под надзор на Европската комисија во областите на: судството, борбата против корупцијата и организираниот криминал, како последица на неисполнување на стандардите во целост. Поради ова, сега во преговорите за членство во ЕУ се бара прво да се отвораат поглавјата што се однесуваат на владеењето на правото.
Европската комисија, која ги следи реформите во Бугарија наведе дека сегашната влада и Парламентот на Бугарија направиле значаен чекор усвојувајќи стратегија за реформи во неколку области.Оценката од претходниот извештај од јануари 2014 е дека клучните институции продолжиле да работат на промените во управата која ќе придонесе во спроведување на реформите на терен.
Во новиот извештај на Комисијата се укажува дека одредени значајни прашања не се решаваат на начин кој влева доверба во институциите, како што се доделувањето на предмети по случаен избор и именувањето на значајни судски позиции за што се одговорни националните институции.
Во борбата со корупцијата и организираниот криминал и понатаму не се реагира сеопфатно и стратегиски. Како што се истакнува, многу малку “крупни“ случаи се решени на суд кои се однесуваат на корупцијата и организираниот криминал.
Извештајот содржи низа препораки во областа на независноста, одоворноста и интегритетот на судството и борбата против корупцијата и организираниот криминал.
Комисијата оценува дека Бугарија мора да ги забрза реформите и да покаже резултати на сите полиња. До следниот извештај Комисијата будно ќе го следи напредокот на Бугарија преку редовни мисии, како и чест дијалог со бугарските власти и другите членки на ЕУ.

https://www.euractiv.com/section/central

---

## ДОПОЛНИТЕЛНИ 10 МИЛИОНИ ЕВРА ЗА СПРАВУВАЊЕ СО МИГРАНТСКАТА КРИЗА

Европската унија на 15 февруари 2016 година одобри дополнителни 10 милиони евра помош за Република Македонија, за подобрување на системот за гранично управување и управување со мигрантите. Унијата е подготвена да продолжи да им дава помош на земјите од Западен Балкан што се соочуваат со слични предизвици.
Според еврокомесарот за преговори за проширување Јоханес Хан, миграцијата предизвика висок притисок врз земјите и ЕУ мора да остане обединета во справувањето со оваа ситуација. Новото финансирање ќе им помогне на властите на Република Македонија за подобрување на управувањето со границата и со миграцијата, како и поддршка на нивните трошоци во врска со офицерите-гости испратени од страна на земјите-членки на ЕУ. Оваа поддршка е комплементарна на преземените активности за поддршка на Грција, вклучително и преку ФРОНТЕКС. Во овој контекст, Македонија треба да го подобри управувањето со границата преку граничната агенција ЕУ-ФРОНТЕКС.
Оваа помош е посебно значајна за подобрување на способностите за управување со границата и миграцискиот наплив, преку систематски проверки и набљудување на границата, идентификација и регистрација на лица од трети земји кои легално или нелегално ја преминуваат границата, како и во борбата против илегалната миграција, трговијата со луѓе и подобрување ефикасноста во справувањето со прекуграничниот криминал, кое се однесува на владеењето на правото и основните човекови права.
Програмата е отворена и за другите земји по должината на бегалската рута кои би можеле да се соочат со слични предизвици во иднина и има за цел да ги поддржи во управувањето со нивните граници преку ФРОНТЕКС - агенцијата за управување со надворешните граници.
Во 2015 година во ЕУ влегле 1.3 милиони државјани на трети земји, кои имале можност да аплицираат за меѓународна заштита во ЕУ, Норвешка и Швајцарија. Најголем број од азилантите и мигрантите кои доаѓаат во земјите на ЕУ се од подрачјето на Западен Балкан. Главната рута во моментов води од Турција кон Грција, Македонија и Србија.

http://europa.eu/rapid/press-release_IP-16

## ВО ОЧЕКУВАЊЕ НА БРИТАНСКИОТ РЕФЕРЕНДУМ

Британскиот премиер Дејвид Камерон изрази задоволство од постигнатиот договор со челниците на Европската унија, истакнувајќи дека ги исполнил сите свои преговарачки цели.
Договорен е пакет реформи кои ги бараше Велика Британија пред одржувањето на референдумот на кој британските избирачи ќе се изјаснат дали сакаат да останат или, пак да излезат од Европската унија.
Со овој договор, премиерот Камерон ќе ја води кампањата за останување во ЕУ за референдумот кој најверојатно ќе се одржи на 23-ти јуни.
Правно обврзувачката одлука содржи експлицитно изземање на Велика Британија од одредбите запишани во европските договори за „сé потесно поврзаната Унија", потоа отстапки во поглед на социјалните права на работниците од другите земји членки на ЕУ во Британија и гаранција дека одредбите за банкарската унија нема да одат на штета на лондонскиот финансиски центар-Сити.
Премиерот Камерон бараше во текот на првите четири години небританските работници да немаат права на социјални надоместоци за помош или за домување. Исто така, да се укинат детските додатоци за децата на работниците кои останале во нивните земји. Камерон успеа да добие заштитна клаузула од 7 години, којашто предвидува ограничување на социјалните надоместоци кои постепено би се укинале. Се воведува индексација на детските додатоци - според стандардите на државите во кои живеат децата, а не според стандардите на земјата во која родителите работат. Тоа ќе може да се применува на новодојдените работници веднаш, а за сето друго од 2020 година.
Британија, исто така, бараше можност одредена група национални парламенти да може да стави вето на донесувањето на европските закони. Договорено е националните парламенти да можат да спречат донесување на некој европски закон доколку за тоа се одлучат 55%, односно 16 од 28-те земји членки.
Само што премиерот Дејвид Камерон во Брисел го постигна компромисниот договор со цел Велика Британија да остане во реформираната ЕУ и најави дека ќе се бори за тоа, започна нова т.н.„битка за Британија". Лондонскиот градоначалник Борис Џонсон изјави дека ќе се приклучи на кампањата за Брегзит, што е директен предизвик за премиерот кој на 22 февруари во Парламентот и формално го претстави планот за одржување референдум за натамошно членство на Британија во ЕУ на 23 јуни.
Референдумот ги подели Конзервативците на Камерон, додека поголемиот дел на неговата влада го поддржува опстанокот во ЕУ, некои се противат и се залагаат за Брегзит.
Одлуката на градоначалникот Џонсон, кој има втор мандат како градоначалник на Лондон и кого многумина го гледаат како иден лидер на партијата, ги сруши надежите на Камерон, за обединет фронт пред референдумот.
Досега ниедна земја не излегла од ЕУ, а повеќе европски земји вон блокот спроведуваат тешки реформи во економијата и адмнистрацијата за да влезат во Унијата.
За излез на Британија од ЕУ од редовите на Камерон се и министерот за правда Мајкл Гоув и уште неколку министри, но никој нема толкава политичка сила како Џонсон. Од 23 членови на владата на Камерон, 6 објавија дека ќе бидат во кампањата за излез од ЕУ.
Уште двајца на кои се гледа како на идни лидери на конзервативците, министерот за финансии Џорџ Озборн и министерката за внатрешни работи, Тереза Меј остануваат со Камерон и ќе ја подржат кампањата за Британија во ЕУ.
Британскиот премиер Камерон истакна дека грешат оние кои го подржуваат излезот од ЕУ затоа што мислат дека не одговорила како што треба на приливот на мигранти. Тој додаде дека секој трговски договор за кој Британија би преговарала со ЕУ ако излезе од блокот би можел да содржи оневозможувачки слободи на движење за да се задоволат барањата на ЕУ. Камерон, исто така предупреди дека на Британија, ако одлучи да излезе од ЕУ, ќе и бидат потребни години за да испреговара такви договори затоа што ќе мора па обезбеди британските компании и понатаму да имаат пристап на европските пазари.
Доколку Британија одлучи да си замине законски референдумот е советодавен, но во пракса е обврзувачки и дури може да доведе до оставка на премиерот, оценува британскиот весник Гардиан.
Ако Британците гласаат за излез од ЕУ, Британија ќе преговара за идните односи со ЕУ во процес регулиран со членот 50 од Лисабонскиот договор.
Во преговорите Британија ќе биде од една, а 27-те членки од другата страна на масата и за да се постигне договор, двете страни ќе мора да се сложат. На страната на ЕУ тоа значи поддршка на квалификуваното мнозинство земји кои остануваат членки, односно т.н. супер квалификувано мнозинство - најмалку 72% членки кои претставуваат најмалку 65% од популацијата, како и поддршка на Европскиот парламент.

http://www.europarl.europa.eu/news/en/news



***« Досега ниедна земја не излегла од Европската унија, а повеќето европски земји вон блокот спроведуваат тешки реформи во економијата и администрацијата за да влезат во Унијата »***

## ЉУБЉАНА - ЕВРОПСКИ ЗЕЛЕН ГРАД ЗА 2016 ГОДИНА

***« Од град каде претходно доминираше транспортот со автомобили, во фокусот на Љубљана се јавниот превоз, пешачките и велосипедски мрежи »***

Градот Бристол ја предаде титулата на Европски зелен град на Љубљана на официјалната церемонија во Брисел на 09 февруари 2016 година.
Љубљана стана седмиот главен град кој влезе во Зелената книга - официјален албум на европските зелени главни градови.
Љубљана е политички, административен, културен и економски центар на Словенија и е дом на повеќе од 280.000 жители. Љубљана го импресионираше жирито со трансформацијата направена од градот во одржливоста во текот на претходните 10-15 години, во областите на локалниот транспорт и пешачките патеки во центарот на градот.
Од град каде претходно доминираше транспортот со автомобили, сега во фокусот се јавниот превоз и пешачките и велосипедски мрежи. Најзначајната мерка која е донесена е измена на режимот на сообраќајот на главните сообраќајни артерии (Словенска улица).
Постигнат е напредок во зачувувањето и заштитата на зелените површини и во ревитализација и трансформација на браунфилд просторите. Љубљана, исто така покажала напредок во третманот на отпад и отпадните води. Градот е посветен на спроведувањето на целта - нула отпад.
Жирито забележа дека Љубљана претставува пример како се споделуваат искуства и решенија за управување со природните катастрофи. Тоа е покажано во повеќе наврати во регионот на Балканот за време на неодамнешната криза со поплавите.
Три четвртини од целата територија на Љубљана се зелени површини. Овие области ги вклучуваат водните, шумски и земјоделски површини.
Љубљана спровела бројни урбани зелени мерки во текот на изминатата деценија, вклучувајќи засадување на повеќе од 2.000 дрва, изградба на пет нови паркови и ревитализација на насипите на реката Сава. Најголемиот од овие паркови е Патот на спомени и другарство, најдолгата со дрво обложена авенија во градот со 7.000 дрвја и бројни споменици, точки на одмор и други карактеристики.

http://ec.europa.eu/environment/

---

### *ЕУ КАЛЕНДАР/ март 2016*

*1. Пленарна седница на Европскиот парламент, 07-10/03/2016, Стразбур;*
*2. Конференција посветена на иднината на високото образование - 09/03/2016, Амстердам, во рамките на Холандското претседателство со Советот на ЕУ;*
*3. Дебата за млади посветена на миграцијата “Your Europe, Your Say!, 17-19/03/2016, Брисел, Белгија;*
*4. Форум посветен на граѓанското општесттво и подршката на човековите права - 17-18/03/2016, Брисел, Белгија;*
*5. Конференција на високо ниво за глобалната здравствена безбедност, 22-23/03/2016, Лион, Франција.*



СОБРАНИЕ НА РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

ЕУ ЦЕНТАР НА СОБРАНИЕТО

Адреса: 11 Октомври бр. 10, Скопје, 1000

Телефон: +389 2 3 11 22 33 локал 414 и 289
Факс: +389 2 3 182 277
E-mail: nsei@sobranie.mk
Канцеларија 019
Сектор за поддршка на Национален совет за евроинтеграции

www.sobranie.mk

*Во Собранието на Република Македонија во периодот јануари 2011-јуни 2012 година беше спроведен ИПА Проект за "Техничка помош за Парламентот", чија општа цел беше зајакнување на институционалниот капацитет на Собранието и со тоа подобрување на неговата транспарентност и одговорност пред граѓаните.*

*Во рамките на ИПА проектот, беше обезбедена финансиска и стручна помош за воспоставување на ЕУ центар во Собранието.*

*Целта на формирањето на ЕУ центарот е на пратениците во Собранието на Република Македонија и на Службата на Собранието да им се обезбеди подобар пристап до информации поврзани со ЕУ прашања.*